РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 12-7573/1
21-10-2019
20 ___ год.
СКОПЈЕ - SHKUP

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**ПРИЛОГ**

## НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за здравство |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција |
| Одговорно лице и контакт информации: | м-р Михајло Костовски<br>mihajlo.kostovski@zdravstvo.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐НПАА<br>☒ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ________________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Со Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија", број Службен весник на РМ бр. 71/08, 139/08, 88/10, 18/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15 ,37/16 и 83/18) се уредуваат надлежноста и организацијата на санитарната и здравствената инспекција, назначувањето на санитарните и здравствените инспектори, овластувањата и постапката за вршење на инспекцискиот надзор.

Со прeложената измена и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција се пополнуваат одредени правни празнини кои недостасуваат во исполнување на обврските на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, односно во практичната работа на санитарните и здравствени инспектори при вршење на редовен и вонреден инспекциски надзор.

Со предложената измена и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција се врши и усогласување со „Законот за хемикалии"(„Службен весник на Република Македонија" **број** 145/10, 53/11, 164/13, 116/15 и 149/15 и 37/16) во однос на вршењето на инспекцискиот надзор над опасните материи за кои според истиот закон е определено дека се во надлежност на инспекторите за хемикалии па согласно наведеното со предлогот е потребно да се елиминира дуализмот во надлежностите на испекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и инспекторите за хемикалии.

Со додавање на нов став во членот 4 од Законот за санитарната и здравствената инспекција се пропишува основот за донесување на правилник со кој ќе се пропишат условите кои треба да ги исполнуваат објектите наведени во ставот 4 за добивање на одобрение за вршење на бараната дејност. Врз основа на тој подзаконски акт државните санитарни и здравствени инспектори ќе донесуваат решенија за исполнети санитарно хигиенски услови за вршење на дејност по поднесени барања од субјектите на инспекциски надзор.

Со предложената измена и дополнување на законот за санитарната и здравствената инспекција се врши и усогласување со „Законот за инспекциски надзор" („Сл.весник на РСМ" бр.102/19), но и во однос на инспекцискиот надзор кој го вршат инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат особено надзор над:

9) лицата, стоките и превозните средства на граничните премини, а во врска со заштитата на здравјето на населението од внесувањето и ширењето на заразните болести, како и над увозот на предметите за општа употреба, козметичките производи и детски играчки".

Со предложената измена и дополнување на законот за санитарната и здравствената инспекција се врши и усогласување со „Законот за прекршоци" (Сл.весник на РСМ бр.96/2019) во однос на утврдувањето на висината на глобите за правните лица, одговорните лица во правните лица и физичките лица.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

При анализа и увид на состојбите за спроведувањето на Законот за санитарната и здравствената инспекција се утврдија следниве причини за решавање на проблемите во однос на:

- потребата од уредување на условите кои треба да ги исполнуваат објектите **кои вршат дејности од областа на образованието, култура, финансии, спорт, рекреација, превоз, туризам, угостителство, трговија, услуги за разубавување и услуги за згрижување на деца (игротеки)** за добивање на одобрение за вршење на бараната дејност. Врз основа на ваква законска одредба се наметнува и потребата од донесување на подзаконски акт со кој државните санитарни и здравствени инспектори ќе донесуваат решенија за исполнети санитарно хигиенски услови за вршење на дејност по поднесени барања до субјектите на инспекциски надзор,

- обврската за усогласување со новиот „Закон за инспекциски надзор" во однос на надлежностите на инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, и

- усогласување со одредбите на „Законот за хемикалии" во однос на примена на одредбите на истиот закон, според кој инспекцискиот надзор над одредбите на овој закон и над прописите донесени врз основа на истиот закон се уредени со друга регулатива и истите треба да се избришат од Законот за санитарната и здравствената инспекција. Истото се однесува и во случај на вршење на инспекциски надзор над одредбите на актуелниот Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на РМ" бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16 и 53/16) кој е предмет на уредување на друг закон и истите треба да се избришат од Законот за санитарната и здравствената инспекција.

- потребата од усогласување со одредбите на новиот „Закон за прекршоци" (Сл.весник на РСМ бр.96/2019) во однос на утврдувањето на висината на глобите за правните лица, одговорните лица во правните лица и физичките лица.

## 2. Цели на предлог регулативата

Да се унапреди регулативата за вршење на инспекцискиот надзор на инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со дефинирање на правата и должностите на инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор во целина во однос на усогласување со Законот за инспекциски надзор и Законот за хемикалии и Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, вклучително и во однос на спецификите при вршењето на јавните овластувања. Исто така, со усогласувањето со „Закон за прекршоци" (Сл.весник на РСМ бр.96/2019) се врши нивелирање во однос на утврдувањето на висината на глобите за правните лица, одговорните лица во правните лица и физичките лица.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Очекувано е дека и понатаму ќе бидат присутни одредени проблеми заради нецелосното уредување на спецификите во вршењето на инспекцискиот надзор на инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Да се уредат условите и начинот на вршење на инспекцискиот назор како дејност во целина, вклучително и спецификите на оваа професија, правата и должностите на инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и условите и начинот на вршењето на јавните овластувања.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

### 4.1 Економски влијанија

/

### 4.2 Фискални влијанија

/

### 4.3 Социјални влијанија

Ќе се зајакне инспекцискиот надзор преку правилно и точно определување на надлежностите за инспекциски надзор како и правата и должностите на инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

### 4.4 Влијанија врз животната средина

/

### 4.5 Административни влијанија и трошоци

а) трошоци за спроведување

/

б)трошоци за почитување на регулативата

/

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Формирана е работна група за подготовка на Предлогот на Законот со претставници од Министерството за здравство и претставници од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, преку организирање на работни средби, консултации, писмени коментари и слично.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

/

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

/

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Евидентно е дека со Законот за санитарната и здравствената инспекција се уредени одредени прашања поврзани со надлежностите на инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат при вршењето на инспекцискиот надзор, но со донесувањето на новиот „Закон за инспекциски надзор", како и одредбите од „Законот за хемикалии" и „Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции" е неопходно усогласување на одредбите од „Законот за санитарната и здравственета инспекција" кои имаат влијание во уредувањето на условите и начинот на вршење на инспекцискиот надзор воопшто како и во однос на работата односно специфичниот инспекциски надзор кој го вршат инспекторите на инспекторатот. Исто така, усогласувањето во однос на одредбите „Законот за прекршоци" се врши нивелирање во однос на висината на глобите за правните лица, одговорните лица во правните лица и физичките лица кои ќе ги препишува Законот за санитарната и здравствената инспекција.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

За исполнување на целите за кои се донесува Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствена инспекција треба да се постиге зајакнат инспекциски надзор на инспекцискиот орган со извршители-инспектори кои навреме треба да бидат подготвени да одговорат на обврските кои ќе произлезат од законот.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Со предложеното решение се воспоставува ефективна законска рамка за уредување на условите и начинот на вршење на инспекцискиот надзор на инспекторите на Државниот

санитарен и здравствен инспекторат во однос на општите обврски од Законот за инспекциски надзор како и особено кон спецификите уредени со Законот за хемикалии.

Предложените решенија треба да ја достигнат крајната цел, а тоа е унапредување на регулативата со која се определува инспекцискиот надзор што го вршат инспекторите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и нивните права и должности во вршењето на професијата.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Нема

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Донесување на подзаконските акти во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Надлежни за спроведување се Државниот санитарен и здравствен инспекторат при Министерство за здравство.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Запознавање на инспекторите со одредбите од Законот, за да се обезбеди доследна и непречена примена на одредбите.

Организирање на соодветни обуки за подигање на капацитетите на инспекторите и на стручната служба на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Следењето на спроведувањето на решенијата содржани во Законот ќе се врши преку редовно следење над спроведувањето на одредбите од Законот од страна на Министерството за здравство и Инспекцискиот Совет, како и врз основа на извештаите за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуацијата на ефектите од спроведувањето на решенијата содржани во Законот ќе се врши врз основа на извештаите за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат во однос на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 21-10-2019

..................................................

**потпис на државен секретар**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • MINISTRIA E SHËNDETËSISË • СКОПЈЕ - SHKUP